

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 10/18

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ

Излегува по потреба- 18.07-2018 година. Петок-Бр.10, година XXII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јули-2018 годиина

1. Објавувам План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јули-2018 годиина, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/1
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016 и 120/2016), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 12.07.2018 година, донесе:

ПЛАН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ
ЗА 2018 ГОДИНА- ЈУЛИ- 2018 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година –Јули 2018 година

Бр.	Предмет на договорот за јавна набавка-рамковната спогодба	Шифра според ОПЈН	Очекуван почеток на постапката-месец	Проценета вредност на договорот /рамковната спогодба без ДДВ-ден.	Вид на постапка	Забелешки
I	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки**					
	Набавка на клима уреди за потребите на Општина Новаци		Јули	120.000,00	БПП	
II	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги**					
	Набавка на услуги за фиксна телефонија и интернет		Јули	120.000,00	БПП	
	Изработка на локлана планска урбанистичка документација со ревизија за изградба на индустриска зона со намена г2–лесна индустрија КО Новаци и за формирање на градежни парцели со намена а1–домување на стамбени куќи ,КО Градешница .Графички и текстуален дел за определување на микролокациски услови за поставување на спомен обележје за опфат од **500 м2** во КО Брод , согласно член 6 од Правилникот за		Јули	307.000,00	БПП	

	формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Сл.Весник на Р.М. 55/2018) и графички и текстуален дел за определување на микролокациски услови за поставување на спомен обележје за опфат од **800 м2** во КО Градешница , согласно член 6 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење (Сл.Весник на Р.М. 55/2018)					

III	**Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**					
1.	Санација на преливен ѕид и изработка на паркинг простор на излетничко место на река Коњарка ,с.Скочивир –Општина Новаци		Јули	307.000,00	БПП	

Член 2

План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година –Јули 2018 година, влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци"

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средсва
за работна посета во Измир (Република Турција)

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средсва за работна посета во Измир (Република Турција), донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/2
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-07-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средсва за работна посета
во Измир (Република Турција)

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства за работна посета во Измир (Република Турција).

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-635/5
12.07.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за Усвојување на Извештај за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

1. Објавувам Одлука за Усвојување на Извештај за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/3
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-07-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За Усвојување на Извештај за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

Член 2

Составен дел на одлуката е Извештајот за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци бр.03-292/1 од 06.07.2018 година(наш број 15-636/1 од 06.07.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-635/6
12.07.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување средства за исплата на фактури за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување средства за исплата на фактури за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/4 ОпштинаНоваци
17.07.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-07-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување средства за исплата на фактури за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за исплата на фактури за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година, по доставени фактури од давателот на извршените услуги.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-635/7 Совет на општина Новаци
12.07.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за измена на распоредот на средствата
на буџетот на општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/5
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Советот на Новаци на 14-та седница, одржана на 12.07.2018 година, ја донесе следнава:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2018 година на следниов начин:

	Буџет	Самоф.	Донации	Дотации	Кредити
А00 Совет на општина					
401320 Персонален дан. на доход над.	**50.000**				
412110 Постојана резерва (неп расхо)	**-5.000**				
471110 Социјална парична помош	**100.000**				
Д00 Градоначалник					
404110 Надомест за годишен одмор	**5.000**				
Е00 Општинска администрација					
480190 Купување на друга опрема	**170.000**				
491110 Отп. на главнина по долг.зае	**1.414.500**				
Ф10 Урбанистичко планирање					
425640 Изр. на просторни и урба.пла.	**-170.000**				
Г10 Поддршка на локален економски развој					
464990 Други трансфери	**-50.000**				
ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта					
482120 Изгр. на ули,патишта и авто .	**-1.414.500**				
Р10 Заштита на животна средина и природа					
482920 Изградба на други објекти	**-100.000**				

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Претседавач на Советот на општина Новаци

14-635/8

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/6 ОпштинаНоваци
17.07.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16 година), Советот на Општина Новаци на седницата која ќе се одржи на ден 12.07.2018 година да ја донесе следната

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1, и помошни објекти бр.2 и 3 опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдена фактичка состојба за легализација на бесправно изградени објекти и делови од објекти изработен од ДОО „Тера Геодет„ од Битола бр. 08-351/5-16 од 12,10,2016 година на **КП 667 КО Добровени** во идната урбанистичко-планска документација за село Добровени, по барање на **Живко Гагалевски од Битола, ул. Алексо Наневски бр. 28, со делов. бр. Уп1 09-16 од 28,03,2018 година.**

Член 2

За с. Добровени Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-635/9 Совет на општина Новаци
12.07.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. Објавувам Одлука за неспроведување на стратегиска оцена, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-660/7
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Општина Новаци,**), а во согласност со член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.5/2002) и член 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.5/2002), Советот на општина Новаци на седницата одржана на 12.07.2018 година, донесе:

ОДЛУКА
за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Проект за инфраструктура за сообраќаен приклучок на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, формирана согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014) во с. Новаци, кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Проект за инфраструктура за сообраќаен приклучок на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура, формирана согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014) во с. Новаци, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Членот 65 став (2) од Законот за животната средина предвидува дека Стратегиска оцена се спроведува на плански документи од повеќе области со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, а во предметниот плански документ се создава основа за изведување на сообраќаен приклучок кој е предвиден со Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје („Сл. весник на РМ" бр. 80/09).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Бр.14-635/10
12.07.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства на ООУ„Славко Лумбарковски„Новаци за автобуски превоз.

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства на ООУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за автобуски превоз, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/8 ОпштинаНоваци
17.07.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12-07-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување на средства на ООУ„Славко Лумбарковски„Новаци
за автобуски превоз

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **20.000,00 денари**,на ООУ„Славко Лумбарковски„Новаци за автобуски превоз, за екскурзија на учениците-полуматуранти.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година, по доставени фактури од превозникот за извршени услуги.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Со влегување во сила на ова одлука, престанува да важи Одлука за одобрување на средства на ООУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за автобуски превоз бр.14-456/14 од 26.04.2018 година

Бр.14-635/11 Совет на општина Новаци
12.07.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Бач

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Бач, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.07.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-660/9
17.07.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.07.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Бач

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали(бетонски цевки Ф-400) на Месн заедница с.Бач

Составен дел на одлуката е и Барањето бр.03-648/1 од 12.07.2018 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-635/12
12.07.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување План за измена и дополнување на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци за 2018 година-Јули-2018 годиина

2. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средсва за работна посета во Измир (Република Турција)

3.Заклучок за објавување Одлука за Усвојување на Извештај за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

4.Заклучок за објавување Одлука за одобрување средства за исплата на фактури за одржани обуки за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорот на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци

5.Заклучок за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Новаци за 2018 година

6.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

7.Заклучок за објавување Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на ООУ„Славко Лумбарковски„Новаци за автобуски превоз.

9. Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Бач

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци